ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“

**НАПАТСТВИЈА ЗА ПРИЈАВЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ ЗА ОПШТИНСКИОТ НАТПРЕВАР ПО ГЕОГРАФИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД 7 И 9 ОДДЕЛЕНИЕ**

•Почетокот на натпреварот е на 16.04.2022 година (сабота) во 11 часот;
• Учениците да обезбедат соодветен технички уред за натпреварот (не е дозволено телефон) и задолжително да имаат вклучено камера и микрофон;
• Секој обид на злоупотреба, натпреварувачот ќе биде соодветно санкциониран, односно дисквалификуван;
• Пристапот до тестот ќе се реализира во посебен чет во Microsoft Teams (насловен Група бр. - Општински натпревар по географија 2022);

•Учениците го пополнуваат тестот на јазикот на кој го изучуваат предметот географија;
• Пожелно е учениците во 10:30 да бидат подготвени и вклучени на Teams.
• Точно во 11:00 часот ќе добијат линк на кој треба да започнат со пополнувањето на тестот;
• Учениците имаат на располагање 60 минути да одговорат на прашањата;
• По завршување на теститирањето да потврдат дека завршиле (задолжително треба да се избере SUBMIT);
• Во 12:00 часот завршува натпреварувањето, а конечните резултати и пласман ќе биде истакнат на веб страницата на Здружение на професори по географија на Македонија ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ – Скопје;
• Незадоволните ученици преку менторот имаат право да поднесат приговор до Државната комисија, доколку истиот е основан, најдоцна 90 минути по објавувањето на резултатите. Приговори поднесени само од страна на ученикот или неговиот родител, нема да бидат разгледувани.
• Комисијата е должна иститот ден да ги разгледа приговорите и за тоа да го извести подносителот. Резултатите од одговорот по приговорот се конечни;
• Доколку повеќе ученици постигнат ист број на бодови на општинскиот натпревар, сите ученици го делат истото место;
• На регионален натпревар можат да учествуваат сите ученици кои освоиле прво, второ и трето место од соодветната општина и сите кои имаат освоено над 85 бодови на натпреварот;
• Доколку од општината нема ученик со над 85 бода, прво пласираниот од соодветната општина, се приклучува кон учениците кои се пласирани за регионалниот натпревар, но не помалку од 65% од максимално предвидените бодови на општинскиот натпревар;
• На општинските натпревари, дипломи добиваат ученици со освоени прво, второ и трето место, додека менторите добиваат уверение за учество на натпреварите и пофалница за освоено место.

• Секој учесник уште еднаш да ја провери пријавата и веродостојноста на тимс-мејловите и доколку воочи грешка при пријавувањето, повторно да поднесе пријава со точни информации, како и да ја знае сопствената лозинка.

***Во текот на неделата учениците ќе бидат повикани на пробен тест преку платформата.***

Им посакуваме успех и добро здравје на сите учесници и нивните ментори!

ЗПГМ „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ - Скопје

**Адреса:** бул.: „Партизански одреди“, бр. 99
1000 Скопје, Р. Македонија
**Телефон:** ++ 389 2 3093 209
**Факс:** ++ 389 2 3093 213
**Website** : www.geograf.mk
**Email** : contact@geograf.mk